IBO IB DIPLOMA PROGRAMME
PROGRAMME DU DIPLÔME DU BI
PROGRAMA DEL DIPLOMA DEL BI

M04/167/H(2)

# MACEDONIAN A1 – HIGHER LEVEL – PAPER 2
# MACÉDONIEN A1 – NIVEAU SUPÉRIEUR – ÉPREUVE 2
# MACEDONIO A1 – NIVEL SUPERIOR – PRUEBA 2

Tuesday 11 May 2004 (morning)
Mardi 11 mai 2004 (matin)
Martes 11 de mayo de 2004 (mañana)

2 hours / 2 heures / 2 horas

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Answer one essay question only. You must base your answer on at least two of the Part 3 works you have studied. You may include in your answer a discussion of a Part 2 work of the same genre if relevant. Answers which are not based on a discussion of at least two Part 3 works, will not score high marks.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- Ne pas ouvrir cette épreuve avant d'y être autorisé.
- Traiter un seul sujet de composition. Vous devez baser votre réponse sur au moins deux des œuvres de la 3e partie que vous avez étudiées. Le cas échéant, vous pouvez inclure dans votre réponse une discussion sur une œuvre du même genre littéraire étudiée dans la 2e partie du programme. Les réponses qui ne sont pas basées sur au moins deux des œuvres de la 3e partie n'obtiendront pas une note élevée.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Elija un tema de redacción. Su respuesta deberá basarse en al menos dos de las obras estudiadas en la Parte 3. Se podrán hacer comentarios sobre una obra de la Parte 2 del mismo género, si fuera necesario. Las respuestas que no incluyan una discusión sobre al menos dos obras de la Parte 3 no recibirán notas altas.

Напишете есеј на ЕДНА од следниве теми. Вашиот одговор треба да се заснова барем на две од проучените дела наведени во Третиот дел. Дозволено е споменување на едно дело во Вториот дел од истиот жанр, но само заедно со две дела во Третиот дел. Одговорите што не се базирани на дискусијата од најмалку 2 дела од Третиот дел, нема да добијат високи оценки.

1. Драма

Или

(a) "Преправањето и маскирањето се стари театарски средства." Коментирајте ја оваа изјава врз основа на делата што сте ги изучиле.

Или

(b) Успешниот драматург мора да користи заплет како средство за оживување на дејството. Кажете ни за тоа од делата што сте ги прочитале.

2. Поезија

Или

(a) "Јазикот е жив организам кој постојано се развива." Коментирајте за креативноста на јазикот во песните што сте ги проучиле.

Или

(b) Раскажете за улогата на метафората во делата што сте ги проучиле.

3. Раскази

Или

(a) "Успехот на расказот зависи од квалитетот на раскажувањето, а не од тоа за кое се раскажува." Споредете го цитатот со делата што сте ги прочитале.

Или

(b) Напнатоста е клуч за успехот на расказот. Врз основа на споредбата на делата што сте ги изучиле до сега, до која мера се согласувате со изјавата?

4. Роман

Или

(a) На кој начин делата што сте ги прочитале зборуваат на тема за судбината на (не)обичниот човек? До кој степен оваа тема е централна за романот како целина? Одговорете врз основа на делата што сте ги изучиле.

Или

(b) Разгледајте го судирот помеѓу објективниот и субјективниот свет во кој живеат личностите во делата што сте ги прочитале.

5. Општи прашања

Или

(a) Еден критичар рекол: “Успешното литературно дело мора да го предизвика и задржа интересот на читателот.” Кажете за значењето на оваа изјава врз основа на барем две од делата што сте ги изучиле.

Или

(b) Во делата што сте ги работеле до кој степен авторите прикажуваат еден кохерентен имагинарен свет?

Или

(c) “Секој човек претставува свет за себе, но во основата сите луѓе го имаат она заедничкото: љубовта, омразата, страдањето.” Коментирајте ја оваа изјава врз основа на делата што сте ги изучиле.

Или

(d) Раскажете за начинот на кој темите: копнежот за слободата, храброста или убавината, се претставени во делата што сте ги работеле.